*Ванчо КЕНКОВ*

**УДК: 355.01:005.44(100)**
**304-027.511:355.48(100)**
Прегледен труд

# ЗА ВОЈУВАЊЕТО

***Кратка содржина***

*Преиспитувањето на феноменот на војната* ***го*** *правиме со анализа на трите главни филозофии за војната, со споредување на пристапот кон поимот за војна во современите безбедносни студии, преку разгледување на главните* ***трендови*** *на војување по 1945 година и изменетата природа на војувањето. Авторот ги одговара прашањата за: Тоталната војна; односот на глобализацијата и војната; новиот тип војни; и т.н. западен начин на војување. Во анализата на војувањето се потенцираат изменетиот концепт на бојното поле, политичкиот наратив на војувањето, како и ревитализацијата на нуклеарното оружје и заканата. Истражувањето на процесот на војувањето не може да го избегнат културниот, правниот и политичкиот пристап на војната. Останува проблематично од методолошки аспект утврдувањето на прецизна статистика за вооружените конфликти и индиректно загинатите кои претставуваат најбројна категорија на починати.*

***Клучни зборови:*** *ВОЈНА, ВОЈУВАЊЕ, КЛАУЗЕВИЦ, КОНФЛИКТИ, ТРЕНДОВИ*

## Вовед

Дебатите за изменетата природа на војната се стари колку и самиот поим за војна. Преиспитување на феноменот на војната покрај анализа на трите главни филозофии за војната и објаснување каков е пристапот кон поимот за војна во современите безбедносни студии, може да се направи и преку разгледување на главните трендови на војување по 1945 година и давање одговор на прашањата кој војува и кој гине во современите воени зони. Потоа анализата треба да се фокусира на изменетата природа на војувањето, преку дебатите за идејата за тотална војна, степенот до кој процесот на глобализација создава нови облици на вооружени конфликти кои се наречени „нови војни" како и преку карактеристиките кои ја одредуваат употребата на воената сила на западните држави во современиот свет. Во поново време три прашања го водат пристапот на аналитичарите кон

ова прашање. Прво, колку е корисен поимот „тотална војна" кога се размислува за промените во војувањето? Второ, која е врската помеѓу војната и глобализацијата и дали глобализацијата доведува до нов тип војување? И трето, какви промени се забележуваат во војувањето кај напредните индустриски демократии на Запад споредено со поранешните историски периоди?

**Социјална наспроти воена теорија и критики на теоријата на Клаузевиц**

Да потсетиме дека од просветителството па сè до Диркем, повеќето најголеми социолози ја изоставаа војната од нивната централна проблематика. Но, ова не било занемарување; тоа било прилично намерно. Тие верувале дека идното општество ќе биде пацифично и транснационално... либералниот/марксистичкиот заговор потиснал голем дел од историјата на односот меѓу војната, класи, нации и држави. Повеќето мислители за војната, од друга страна, имаат тенденција војувањето да го третираат како да е самостоен процес кој во крајна линија работи според сопствените закони. Проблемот на војната е и проблем на општеството и може да се гледа како дилема, за чии рогови се фатиле и одделно влечат социјалната и воената теорија. Како резултат на тоа, работата во социологијата на војната немаше интегриран фокус. Заклучокот (на Mann 1988) е дека е потребно „да се започне од нула" во градење на социологијата на војната. Новиот интерес за војната во генерираното мноштво на пишани трудови во сферата на воената социологија, вклучува и студии за воена ефикасност во борбите (Cohen and Gooch 1990; Van Crefeld 1983), и студии за мировни движења. Областа ги опфаќа и проблемите со социјална помош поврзани со одржување на воените сили во мирно време и феминистички дискусии за односот помеѓу полот (родот) и војната. Да нагласиме, дека ова се само малку од референтните објекти кои се истражувани од социологијата на војната.

Она што може да се научи од емпириско истражување на војната од познатиот пруски воен теоретичар и познат филозоф на војната, Карл Фон Клаузевиц (1780-1831), и неговото капитално дело „За војната", не е систем на утврдени тактички и стратешки упатства, туку некои општи карактеристики на војување кои се универзално валидни. Сепак, за поткопување на политичката филозофија на војната која ја застапува Клаузевиц, придонесоа неколку настани од современите војни.

Првиот момент беше изменетиот или според одредени видувања исчезнатиот концепт на бојно поле. Историски, бојното поле било дефинирано со географската локација или со точката на контакт помеѓу противниците. Денес, бојното поле се гледа како сложена перцепција на сеопфатност од факторите кои влијаат на битката и повеќе не е бојно поле туку е борбен простор. На пример, кај античките Грци, фалангите не биле соодветни за борба, освен на рамнет терен без дрвја, водотеци, ровови или

други пречки што може да ги растурат нивните редови, а тоа било совршенство што ретко се добивало. Рим го претпочитал истото. До XX век, веќе многу воени организации поседувале специјализирани единици, кои се обучени да се борат во точно одредени географски области, како планини (алпски единици), пустина (како што е LRDG – извидувачките Пустински стаорци) или џунгла (како што беа британските Чиндити, а подоцна и специјалните сили на САД) па дури и такви на скии за делување во снежни области. Други биле обучени за распоредување со авиони (воздушно преносни), едрилици или падобрани; а со развојот на хеликоптерите, се развиле и воздушно мобилните сили. Зголемениот број на амфибиски напади, и нивните посебни опасности и проблеми, доведоа до развој на борбените нуркачи. Ваквите специјални сили отворија нови полиња на битка и додадоа нови комплексности и во нападот и во одбраната: кога бојното поле престана да биде физички поврзано со снабдувачката база[1], а засилувањето и логистиката стануваат критични[2]. Армиите генерално ги избегнувале борбите во градовите кога е можно, но и модерните армии не сакаат да се откажат од слободата на маневрирање; зашто во спротивно, кога ќе бидат принудени да се борат за контрола над градот (како што бил Сталинград или неодамна Киев, Marioupol), оружјето, тактиката и обуката се несоодветни за околината. Урбаната борба е единствена специјалност што сè уште не се појавила. Со модернизирањето на технологијата, должината на логистиката од која се зависни силите во непосреден контакт, станува сè повеќе отежнато заштитена и ранлива на можните напади на бројните места долж линијата на снабдување.

Вториот момент се однесува на одбегнувањето на политичкиот наратив на војувањето. Имено, лидерите во обидите за мобилизирање на својата нација и сојузниците во своите повикувања на религиозна задача и праведност отворено ги применуваат есхатолошките филозофии на војната. Честопати, наративот со ваква намена има сериозни социополитички реперкусии. Моќните приказни околу настаните од 11-ти септември смислени од администрацијата на Буш се можеби највпечатливиот пример: тие ја легитимираа инвазијата во Ирак како патриотска должност, етикетирајќи ги спротивставените гласови како „антиамерикански" и стигматизираните мигрантски заедници како вечни осомничени лица (Pemberton and Aarten 2017,2).

Третиот момент кој Клаузевиц не можел да го предвиди е прашањето за ревиталицацијата на нуклеарното оружје. Со ширењето на нуклеар-

[1] Како во Арнхем во операцијата Маркет Гарден, или во Бурма или во Виетнам, каде што географијата на бојното поле не само што можеше да диктира како ќе се води битката, туку и со какво оружје.

[2] Арнхем имаше неуспеси и во обете, додека во Бурма, испораките од воздушно снабдување им овозможија на Чиндитите да направат нешто што инаку би било невозможно.

ната технологија и потфрлањето на обидите за зацврстување на договорот за нуклеарна непролиферација, светот влезе во најопасната фаза на нуклеарно конфронтирање во Студената војна во 80-тите. Човештвото го имаше искуството на употреба на нуклеарното оружје, но, не и размената на истото во процесот на војување. Државите сопственици на нуклеарното оружје, можат меѓусебно да го користат како детерент но и како закана кон оние кои не го поседуваат. Видовите на нуклеарно оружје во смисла на состав на радиоактивни материјали, начин на функционирање, јачина како и начин на примена, денес покрај политичките импликации може да донесат и значајни воени предности доколку селективно ги применува страната која ги поседува против страна која не поседува такви капацитети. Таквата примена е на границата на она што Клаузевиц го именува како разумна државна активност. Нуклеарното оружје во оваа релација, не само што не е во функција на подобрување на политичките аспирации на инволвираните страни кои го поседуваат, туку може повеќе да наликува на загарантирано заемно убиство на државите учеснички. Дополнително, можноста нуклеарното оружје да падне во рацете на групи посветени на спроведување на терористички спектакли без некакви конкретни побарувања претставува исто така раскинување со традицијата на Клаузевиц.

Една од критиките на Клаузевиц се однесуваше и на измените на воените работи во технолошка смисла кои се одразуваат со суштински измени во војувањето на начин како го толкува Клаузевиц. Модалитетите на војување се променија, а западната стратешка мисла мораше да се смени со нив - од конвенционална во нерегуларна, од ниско во високо технолошка. Проблемот е во тоа што новите теоретичари на војните ги прифатија овие смени како доказ дека и основната природа на војната мора да се менува и со тоа Клаузевиц стана нерелевантен. Сепак, не е така и авторитетот на теоријата за војна на Клаузевиц имун на обвинениeто за застареност родено од кумулативно масивни измени во технолошки, политички или социокултурен контекст. Клаузевиц направил обид да создаде огромен филозофски трактат за природата на војната како широк општествен феномен, со намера да едуцира и стимулира, а не да дава практични решенија. Бидејќи се фокусирани главно на филозофската природа на војната, отколку на воените модалитети, клаузевициските параметри оставаат многу простор за флуидност и контекстуални промени. Она во што критичарите грешат е дека војната и војувањето не се исто. Само војувањето е подложно на промени, но не и феноменот на војната.

## 2. Културен, правен и политички пристап на дефинирање на војната

Во контекст на културата, војната е многу повеќе отколку само тема на воените историчари. Разбирањето на тоа како културата го ограничува начинот на кој ние (и нашите непријатели) размислуваме за војување, ќе помогне да се осигураме дека сме на победничката страна во идните кон-

фликти; како во случајот со различното разбирање на поимите достоинство и чест и соодветното однесување каде е подобро да се биде маѓепсан Монгол отколку зашеметен самурај, кој чека божествен ветер да го погоди непријателот за да донесе спасување од борбено незавидливата ситуација предизвикана од нивниот недостаток на меѓукултурно разбирање.

Кога го истакнуваме *правниот пристап* на војната и војувањето мора да се повикаме на законот за војна.  Законот за војна е компонента на меѓународното право што ги регулира условите за војна (jus ad bellum) и однесување на завојувани страни (jus in bello). Законите за војна ги дефинираат суверенитетот и националноста, државите и териториите, окупацијата и другите критични термини на меѓународното право. Давани се изјави од држави и писатели дека создавањето на воена состојба е некомпатибилно со Повелбата на ОН така што војната повеќе не постои како институција во меѓународното право и никакви правни последици не следат од опишувањето на одреден конфликт како „вооружен конфликт“ (поимот кој широко се употребува денес)[3]  отколку „војна“. Дури и писателите кои не прифаќаат дека концептот на војна е мртов, го опшуваат како „концепт во опаѓање“, со што значително го лишуваат од значење. Сепак, теоријата дека концептот на војна станал правно нерелевантен како резултат на легалните одредби сместени во Повелбата, во никој случај не е универзално прифатена.

Како најпопуларен во објаснувањето на војната е *политичкиот пристап*. Кален (1939, 373) се залага за политичка дефиниција на војната кога пишува: „Ако војната може да се дефинира како вооружен натпревар помеѓу две или повеќе суверени институции кои користат организирани воени сили во остварување на специфични цели, значаен термин во дефиницијата е „организирано“. Тој понатаму додава дека оваа организација на борбените вооружени сили се протега назад зад борбените линии и има тенденција во современите војни да ги прифати сите цивилни активности, како што се индустриски, продуктивни и трговски, а исто така и социјални интереси и индивидуални ставови.

## 3. Трендови во вооружените конфликти по 1945 година

### 3.1. Класификација на современите вооружени конфликти

Според програмата на УПСАЛА за податоци за конфликти (UCDP), вооружениот конфликт се дефинира како судир на неусогласености околу владата или територијата или и двете при што употребата на вооруже-

[3] Така на пример, рускиот претседател Владимир Путин, отпочнувањето на воениот конфликт во суверена Украина го етикетираше како ограничена воена операција (а не војна).

ните сили меѓу двете страни доведува до барем 25 смртни случаи. УЦДП предлага рамка за класификација на видовите и скалите на вооружените конфликти.

### 3.1.1. Видови вооружени конфликти

1. *Државни вооружени конфликти* се оние во кои владата е една од завојуваните страни. Има неколку вида државни вооружени конфликти:
   - *Меѓудржавен вооружен конфликт* настанува помеѓу две или повеќе држави;
   - *Внатредржавен вооружен конфликт* настанува помеѓу владата и внатрешно спротивставените групи. Овие конфликти се поделени на:

     А) граѓанска војна, која се води за контрола на владата; и

     Б) државно формирачки/сецесионистички конфликти, кои се водат меѓу владата на една држава и територијално фокусирана спротивставена група која сака прекројување на границите на државата.
   - *Интернационализиран меѓудржавен конфликт* кој настанува помеѓу владата на една држава и внатреши спротивставени групи, но и со дополнителна интервенција од други држави со војска;
   - *Вооружен конфликт надвор од државата* кој настанува меѓу државата и недржавна група надвор од државната територија.
2. *Недржавни вооружени* конфликти се оние каде што се случува организирано вооружено насилство, но признаената влада не е една од страните во конфликтот. Пример за тоа се насилните конфликти меѓу босовите и клановите.

### 3.1.1. Скали на вооружен конфликт

- *Мали вооружени конфликти* кои вклучуваат најмалку 25 починати од војувањето во текот на една година и помалку од 1.000 мртви во текот на целиот конфликт.
- *Средни вооружени конфликти* кои вклучуваат најмалку 25 починати од војувањето годишно и вкупен збир од најмалку 1.000 починати, но помалку од 1.000 починати во една година.
- *Војна*, вооружен конфликт кој вклучува најмалку 1.000 починати од војувањето во текот на една година.

## 3.2. Главни трендови во вооружените конфликти по 1945 година

Според податоците од програмата на УПСАЛА поврзани за конфликтите, постојат четири главни трендови во вооружените конфликти по 1945 година. Прво, од средината на 70-тите се бележи значителен пад на вооружени конфликти помеѓу државите во однос на внатрешно државни конфликти кои го сочинуваат поголемиот дел од организираното вооружено насилство во светот. Попрецизно, значителен број од современите конфликти не се конфликти помеѓу државите (34 во 2002 година, со пад од 25 во 2005 година, според Mack 2007: 3). Втор главен тренд е дека од достигнувањето на максимумот од 52 државни вооружени конфликти во периодот 1991-1992 година, бројот опаднал на 40 % помеѓу 1992 и 2005 година (Mack 2007:1).

Периодот по Студената војна исто така бележи и драстичен пад на интензитетот на вооружените конфликти во светот. Пониското ниво на вооружени конфликти денес главно се должи на 4 главни фактори. Прво, крајот на колонијализмот го отстрани главниот извор на политичко насилство од светската политика. Но, колонијализмот сѐ уште не е целосно искоренет бидејќи има уште групи кои ја водат борбата за свое ослободување од империјалистичката власт. Втор клучен фактор беше крајот на Студената војна, кога суперсилите запреа со подгревање војни во неразвиените земји. Трето, најважно беше зголеменото ниво на меѓународниот активизам под закрила на ООН по завршувањето на Студената војна. Овој активизам вклучуваше напори за превентивна дипломатија, миротворство, мировни операции и други механизми за поддршка на мирот, како и зголемена грижа за глобалната безбедност. Вака зголемените напори на меѓународната заедница резултираа со поуспешно прекинување војни. Последен фактор кој дава основа за оптимизмот за иднината со намален број на вооружени конфликти е и зголемената популарност на глобалните норми, кои забрануваат употреба на воена сила во меѓународните односи.

Трет значаен тренд во вооружените конфликти од 1945 год. е опаѓање на бројот на загинати. Ако просечниот број загинати на бојното поле (во државните конфликти) годишно беше 38.000 во 1950 год., до 2005 год. падна на 700 што претставува намалување од 98 %. Бројот на загинатите го вклучува меѓународното ниво на цивилни жртви или т.н. индиректна смрт од болести поврзани со војната или глад. Во однос на недржавните вооружени конфликти се бележи сличен тренд: од 2002 год. до 2005 год. опаѓањето на загинатите во недржавните конфликти беше 71 % (Mack 2007, 7).

Четвртиот тренд е преместувањето на регионалното ширење на вооружените конфликти. Историски, ограничувањата наметнати од климата и географијата значеа дека големите војни се изведуваа на релативно мал простор (Keegan 1994, 68-73). Од 1945 год. стана јасно дека во различни периоди одредени региони бележеа повеќе војни од други. Така на пример,

до 1970 год. Источна и Југоисточна Азија имаа најмногу загинати од војување, додека во подоцнежните фази од Студената војна повеќето жртви беа во Азија, Африка и Средниот Исток. Од средината на 90-тите години Африка под Сахара се покажа како регион со најголема склоност за конфликти.

### 3.2.1. Кој се бори, а кој умира?!

Противниците во современите вооружени конфликти не се само државите односно политичките единици. Актерите на војувањето имаат различни форми и големини. Други актери кои се вклучени во војувањето се и меѓународните организаци, но и различни недржавни ентитети. Меѓународните организации војуваат од различни причини но, најмногу како резултат на мировните операции во зоните на тековните конфликти. ОН, ЕУ, НАТО и Економската заедница на западноафриканските држави и Африканската унија најпрепознатливо имаа сили на терен кои се вклучуваа во конфликтите. Кога станува збор за вооружените недржавни актери, тогаш најчести учесници се приватните воени комапании и најразновидните воени, паравоени и самоодбранбени територијални сили како и бомбашите самоубијци. Понов тренд е и зголемениот број на деца борци во современите конфликти. Тие можат да бидат регрутирани и од државата, но почесто од страна на недржавните актери споменати погоре. Проценките велат дека во 2005 год. имало околу 300 000 деца борци кои тогаш се береле или само што биле демобилизирани и уште 500 000 деца борци кои биле тогаш мобилизирани во војските кои не војувале (Singer, 2005).

Иако има намалување на бројот на конфликтите, како и последователното намалување на бројот на загинати, не изненадува трендот според кој цивилите и понатаму го сочинуваат поголемиот дел од загинатите во современите вооружени конфликти. Според една студија (Human Security Centre, 2005, 75) помеѓу 30 % и 60 % од загинатите во современите конфликти се цивили иако тешкотиите при добивањето сигурни систематски податоци од воените зони го прави невозможно сознанието за сигурниот број на загинатите цивили.

Дел од причината за зголемениот број на загинати цивили е тоа што според изворите на Програмата на Упсала за податоци за конфликти (UCDP) има зголемување од повеќе од 50 % на походите за спроведување масакар врз цивили од 1989 год. кои се извршени од влади и од недржавни актери, при што и хуманитарните работнци исто така стануваат цел на намерно насилство. По децении на релативен имунитет на хуманитарните работници, од 1997 до 2005 год. бројот на убиените хуманитарни работници се зголемил за 50 %, иако стапката на насилните напади против хуманитарните работници само малку се зголемила во истиот период (Stoddard 2006).

Повеќето од загинатите во современите вооружени конфликти се од т.н. индиректна смрт. Тоа се однесува на луѓето (главно жени, деца и стари) кои умираат од болести поврзани со војната и од неисхранетост, обично интензивирани преку раселување. Иако претставува најбројна категорија на смрт, овој вид е најмалку истражуван и документиран бидејќи мерењето на индиректната смрт е проследено со проблеми кои произлегуваат од методологијата (особено со тоа како да се мери и да се споредува нормална со абнормална стапка на морталитет) на собирањето податоци, бидејќи регистрираните податоци се изменувани поради пропаганда. Сепак, генерално постои согласување дека променетата демографија на жртви е поврзана со начинот на современото војување.

## 4. Изменета природа на војувањето!?

### 4.1.Тотална војна

Иако поимот тотална војна беше создаден од германскиот генерал Ерих Лудендорф во 1918 год., стравот од таков развој доминира на Запад уште од 1800 година. Тој страв бил потврден со ужасите од Првата и Втората светска војна во кои мртвите се проценети на 20 милиони и 55 милиони соодветно. Иако некои современи војни според интензитетот се приближија до овие конфликти, сепак долготрајноста на идејата за тотална војна често се употребува за објаснување/споредување со терминологијата на „ограничена војна“, како што беа на пример војните во Кореја (1950-1953), на Фокландските Острови (1982) или во Заливот (1991).

Во основа идејата на тотална војна се однесува на поимите на ескалација и учество. Стравот од ескалација доаѓа од загриженоста дека штом еднаш започне војувањето, тоа е тешко да се контролира. Тоа значи дека војната ќе се интензивира според степенот на насилство (како географски, така и според бројот на жртвите) и во интензитетот на војувањето, бришејќи ги ограничувањата на војната. Учеството се однесува на зголеменото учество на граѓаните во војувањето како војници кои се спремни да се борат и да умрат за татковината, но и како работници спремни да ја помогнат (да се жртвуваат за) војната работејќи дома (во татковината).

Иако овие трендови се присутни во модерната историја, тоталната војна е идеален вид, затоа што покрај низата од достапни околности кои се неостварливи во реалноста, во практика секогаш се наметнуваат ограничувања при војувањето. На пример, иако можело некои достапни вооружувања не биле употребени, како во случајот со САД во одлуката да не употребат нуклеарно оружје во војната во Кореја. Зошто некое вооружување не се употребува е предмет на дебата. Според некои аналитичари, ограничената употреба на отровен гас во Втората светска војна ја одразува моќ-

та на нормативните ограничувања врз завојуваните страни. Други тврдат дека тоа било поради прагматичната грижа за непредвидливите ефекти на гасот.[4] Друг начин на толкување зошто војната не е тотална е затоа што ниедна завојувана страна не може да ги употреби сите ресурси во војувањето. Дури и во Втората светска војна завојуваните страни мобилизираа помеѓу ½ и 2/3 од работната сила и потрошија ¾ од националното производство за потребите на војувањето (Overy, 2005, 154).

Разгледувајќи ги овие ограничувања, се поставува прашањето зошто идејата за тотална војна зазема важно место во колективната психа на аналитичарите и на практичарите?! Една неодамнешна студија сугерира дека неколку тенденции ја поттикнаа „тоталноста" на војувањето помеѓу 1861 и 1945 год. (Chickering, 2005). Овие тенденции беа најинтензивни од 1914 до 1945 год. Прво, технолошкиот и индустрискиот напредок во тој период овозможија методите на војување да станат подеструктивни, овозможувајќи брзо и конзистентно убивање луѓе. Второ, владите беа во можност да мобилизираат државни ресурси (и преку државни институции и преку приватни или полуприватни актери) и да ги трошат на војување. Трето, се прошири опсегот на воените цели. Според Имлај (2007, 554), ограничените цели, како добивањето територии или економски напредок, ги заменила одлучноста за постигнување победа, не само како пораз на непријателските сили туку и замена на нивниот политички режим, што подразбираше и период на повоена окупација. Четврто, војната го зголеми глобалниот домен бидејќи сè повеќе држави во светот беа вклучени во конфликти кои потекнуваа од европската политика.

Клучна особина на тоталната војна е замагленaта разлика помеѓу цивилната и воената сфера. Обичните граѓани се вклучуваа во подгревањето на војната за подоцна да станат цел на големо и масовно насилство. Како на пример, во Втората светска војна кога големи ѕверства беа извршени од страна на јапонската војска врз кинеските цивили, или на Источниот фронт во борбата помеѓу Германците и Советите каде масовно умираа и беа убивани цивилите, како и со случајот на фрлените атомски бомби врз јапонските градови. Искушението за напаѓање цивили го помогна напредокот на воената технологија, која овозможи стратегиско бомбардирање на Дрезден, Ковентри и Осака во текот на војната. Како резултат на тоа, Втората светска војна стана прв конфликт по европската триесетгодишна војна, каде што бројот на цивилните жртви го надмина бројот на воените жртви (Imlay, 2005, 556).

И покрај тоа што идејата за тотална војна е доминантна црта во литературата што го анализира војувањето, таа претставува збунувачки и бесполезен концепт. Бидејќи, во стварноста војната никогаш нема да биде целосно тотална, расправата за тоа колку блиску може да дојде до тој иде-

[4] Под дејство на метеоролошките влијанија сопствените сили биле погодувани од ефектите на гасот исто така.

ал е бесмислена. Едноставно, војната е или тотална или не. Па, така покорисен пристап во проучувањето на реалната војна е да се анализираат различните степени на интензитет на различни показатели на војувањето, како што се напорите/ресурсите потрошени во добивките или губитоците од војната (Imlay, 2005, 556-567).

### 4.2. „Нови војни"

Втората насока во размислувањето за промените во војувањето ги вклучува аргументите дека особено по 1945 год. глобализацијата доведе до специфични форми на насилни конфликти означени како „нови војни" (Kaldor, 1997). Главни елементи на тезата за „нови војни" се следните:

- Новите војни се во, а не надвор од државите.
- Новите војни се случуваат во контекст на неуспехот на државата и социјалната трансформација водена од глобализацијата и либералните економски сили.
- Во новите војни етничките и религиските разлики се поважни од политичката идеологија.
- Во новите војни цивилните жртви значително се зголемуваат, пред сѐ поради тоа што намерно се цели кон цивилите.
- Во новите војни пропаѓањето на државниот авторитет ја замаглува разликата меѓу јавните и приватните борци (Newman, 2004).

Во новите војни, традиционалната поделба на војни (насилство меѓу државите или организираните политички групи со политички мотиви), организиран криминал (насилство од приватни здруженија, обично за финансиска добивка) и големи насилства за човекови права (насилства од држава или приватни групи против поединци, главно цивили) станува замаглена.

Според Калдор, новите војни се разликуваат од „старите" во однос на целите, методите и финансирањето, кои ја одразуваат ерозијата на државниот монопол за организирано насилство. Целта на борците може да се сфати како борба помеѓу космополитски и ексклузивистички идентитетски групи, остварувајќи контрола врз насилството за вршење етничко чистење. Во однос на методите, новите војни се водат преку новите начини на војување преку герилски техники и контраразузнавање. Ваквото војување е специфично бидејќи се избегнуваат одлучни судири и територијата се контролира преку политички манипулации покажувајќи „страв и омраза" а не „разум и чувства". Не е за изненадување дека за оваа цел се изнајмуваат паравоени групи бидејќи тие шират страв и омраза помеѓу цивилите поефикасно од професионалните воени сили (Mueller, 2000). Со тоа се објаснува зголемениот степен на едностран масакар, споменат погоре. Паравоените банди се исто така популарни бидејќи тешко се следи линија-

та на одговорност за нивните акции до нарачателите, т.е. до политичките лидери. Според Калдор, последната карактеристика на новата војна е дека таа се финансира преку глобалната воена економија која е децентрализирана, меѓународна и во која завојуваните единици се самофинансираат преку црниот пазар или со надворешна помош (Duffield, 2001).

Ваквите војни тешко се завршуваат бидејќи некои поединци присвојуваат значителни политички и економски придобивки од војувањето и не им е во интерес завршувањето на конфликтот. Победата можеби и не е пожелна за повеќето завојувани страни, затоа што можеби поентата на војувањето е токму легитимноста што таа ја овозможува за активности кои во мир би се санкционирале како криминал. Затоа и Калдор вели дека решението за новите војни лежи во реконструкција на легитимните (космополитски) политички заедници кои им веруваат на јавните авторитети, ја обновуваат контролата врз организираното насилство и го враќаат владеењето на законот. Станува збор за космополитско засилување на законот во вид на големи мировни операции, кои вклучуваат комбинација на воен, полициски и цивилен персонал.

Ваквите ставови на Калдор се оспорувани со две критики: Прво, повеќето од елементите што таа ги наведува не се нови (Newman, 2004). Така, на пример, насилството врз цивилите е особина на сите војни и нема докази што сугерираат привремено, квалитативно поместување во употребата на злосторството во 21 век. Втората критика се однесува на нејзиниот став за глобализацијата како нов процес кој ја измени природата на војувањето по 1945 год. Според Баркави (2006), глобализацијата не е нова појава како што вели Калдор, туку стар процес кој се однесува на циркулација, т.е. процес преку кој луѓето и местата стануваат меѓусебно поврзани. Баркави забележува дека војната историски е важна форма за поврзување меѓу општествата и во тој правец војувањето е глобализирачка сила веќе долго време. Во и низ војната луѓето на обете страни сè повеќе стануваат свесни едни за други, ја реконструираат сликата за себе и за другите, реагираат на туѓите потези. Да се војува значи да се поврзе со непријателот. Таквата врска наметнува социјални процеси и трансформации кои потпаѓаат под глобализацијата... Од воена и општествена перспектива, војната може да се смета за можност за интеракција, форма на циркулирање меѓу завојуваните страни. Во и низ војната се трансформираат општествата, додека општеството ја оформува војната (Barkawi, 2006, 169). Војската и војната се места за културно мешање и хибридност. Војската, која патува низ култури, ги изложува војниците на странското влијание и ги води до преиспитување на сопствените идеии за сопствената татковина. Војниците што се враќаат од странство пренесуваат нови идеи и практики во татковината... како и да се разбере глобализацијата – како економска глобализација, трансрегионално поврзување или свест за глобалното – војната и војската играат многу поважна улога отколку што посочуваат студиите за глоба-

лизацијата... Потребна е процена на начините на кои војната е централно имплицирана во процесот на глобализацијата (Barkawi, 2006, 172).

Вака сфатена глобализацијата не е разделена од војната, насочувајќи се да ја измени природата на војувањето како што тврди Калдор, туку војната е тесно поврзана со глобализацијата на светската политика веќе илјадници години.

### 4.3. Модерен западен начин на војување

Третото размислување за променетиот начин на војување се однесува на начинот на кој западните држави ја користат воената сила. Основата за оваа дебата е дека иако големите војни помеѓу западните сили ќе исчезнат, сепак Западот и понатаму ќе ја задржи способноста за војување како што и вообичаено прави. Денешниот начин на војување на Западот може да се спореди со улогата на набљудувач. Според Ман (1988, 184-185) кој прв ја употребил таа метафора, ограничените современи војни вклучуваат држави клиенти на Западот кои помогнати од неговите професионални советници и мали експедициски сили, истовремено ги мобилизираат западните нации не како играчи, туку како набљудувачи... Војните како инвазијата на Фокландите или Гренада квалитативно не се поразлични од Олимписки игри. Бидејќи сепак, вклучуваат „живот и смрт", емоциите кои ги пропратуваат се подлабоки и посилни. Но тоа не се емоции поткрепени од посветување на лични ресурси. Тие не вклучуваат вистинско или потенцијално жртвување, освен од професионалните трупи.

Спротивно на динамиката на ескалација, која остава можност за прераснување во тотална војна Мек-Инес (2002) тврди дека современите војни водени од западните држави се локализирани и во однесувањето и во влијанието. Тоа се должи на: 1) тоа што нема глобални конфликти во кои се сумираат загубите (за разлика од Студената војна и нејзината идеја за задржување наспроти експанзијата), 2) западната дефиниција на непријателите се смени од спротивставување на државата и граѓаните до тесна грижа за промена на одреден режим или лидер и 3) бидејќи цивилите не се повеќе легитимна цел, сега се прават напори за намалување на „колатералната штета". „Војната против тероротводена од САД" ја замени Студената војна како глобален конфликт со кој локалните конфликти се поврзани.

Друга суштинска карактеристика на западните модерни војни е дека тие не вклучуваат големо социјално учество, туку се водени од мал број професионални претставници (т.е. вооружени сили). Затоа во војната која е по избор а не затоа што е наметната, релативно мал број жртви може да имаат политички реперкусии, дури и кога се работи за воена суперсила како што се САД.[5] Малата толеранција за жртви се поврзува со фактот дека

[5] Така, на пример, 18 загинати војници на САД во октомври 1993 год. во Могадишу, Сомалија, беа доволни за да предизвикаат стратегиско повлекување на Вашингтон

војните водени од западните земји во места како Босна, Сомалија, Косово и Шри Ланка се војни по избор за да се помогне во остварување на либерални политички цели, а не наметнати војни за опстанок. Кога станува збор за клучни национални интереси, како во Авганистан и во Ирак, толеранцијата за жртви може да биде поголема.

Во тој контекст Мек-Инес идентификува неколку клучни особини на набљудувачкото (спортското-набљудувачко) војување. Прво, овие војни се експедициски, базирани на желбата за локализирање на конфликтите и борење надвор од западните татковини. Второ, непријателот потесно се дефинира како лидерство/режим на целната држава, а не на целото општество. За разлика од минатото, дури и непријателските вооружени сили не се секогаш цел за уништување. Остварување борбен контакт со силите на непријателот веќе не е пожелно. Трето, зголемена е желбата за намалување на колатералната штета, бидејќи само мал дел од непријателското општество е легитимна цел. Последно, заштитата на силите, т.е. потребата од намалување на ризиците по западните војници - е приоритет.

Во ваков вид војување западните земји ја нагласуваат важноста на воздухопловството (и прецизните удари на крстосувачките ракети). Воената авијација е многу полесно да се распореди (на теренот) споредено со копнените и поморските сили, и овозможува брз и директен пристап до непријателското водство, може да биде многу прецизна, Западот има огромна предност во овој начин на војување, а може да се нападне непријателскиот центар на гравитирање директно без да се вклучи масата на непријателски сили. Сепак, во практика постојат и многу ограничувања во употреба на воздухопловството како идеален инструмент за спроведување „хумано и неризично војување" (McInnes, 2001). Прво, иако поделбата на цивили и воини се чини доста лесна, на терен таквото разликување е тешко да се направи. Второ, грешките при одредување на целта, операционалните грешки и техничките грешки доведуваат до цивилни жртви. Трето, голем дел од стратегиските важни цели се истовремено и дел од цивилната економија. Четврто, дури и хируршки прецизните удари врз населените места ги тероризираат граѓаните поради постојаниот страв од можни грешки. До неодамна можеше да се наведе и уште нешто, односно заштитата на пилотот кој лета на поголема височина беше неутрализирана со ефикасноста поради присуството на неконтролирани појави како што се облаците. Но, последното сѐ помалку важи затоа што на сцена доаѓаат ласерски наведуваните бомби и беспилотните летала.

Набљудувачкото (спортско-набљудувачко) војување важи само за малку држави во светот и не е корисно при целосно разбирање на динамиката на војувањето во светот, особено не доколку се случи меѓусебно да војуваат големи сили, наспроти голема сила против регионални или локални

и сојузниците од земјата. Две недели подоцна на Хаити само можен повидок за појавата на паравоени насилници на пристаништето Порто принс беше доволен за да се повлече *УСС Харлан Каунти*.

сили. Сепак, ваквиот нов начин на војување, нагласува некои од современите трендови во западното размислување и дава одредени објаснувања за тоа како сака/како му одговара на Западот да војува и како непријателите ќе се обидат да се борат.

**Заклучок**

Од емпириско истражување на војната од познатиот пруски воен теоретичар и познат филозоф на војната, Карл Фон Клаузевиц (1780-1831), и неговото капитално дело „За војната“, можат да се извлечат одредени општи карактеристики на војната кои се универзално важечки и применливи. Оваа филозофија ја доведуваат во прашање неколку настани од современите војни: Исчезнување на концептот на бојно поле, одбегнување на политичкиот наратив на војната, ревитализација на нуклеарното оружје, како и революција на војувањето во технолошка смисла. Сепак, критичарите грешат во тоа што ги изедначуваат војната и војувањето. Само војувањето е подложно на промени, но не и феноменот на војната. Проучувањето на војната може да го правиме низ културен, правен и политички пристап. Постојат четири главни трендови во современите (по 1945 година) вооружени конфликти: Пад на интензитетот на вооружените конфликти, се зголемува бројот на внатредржавни конфликти, опаѓање на бројот на загинати во вооружените конфликти и регионално поместување на вооружените конфликти. Актерите на војувањето имаат различни форми и големини. Цивилите и понатаму го сочинуваат поголемиот дел од загинатите во современите вооружени конфликти. Повеќето од загинатите во современите вооружени конфликти се од т.н. индиректно умирање.

Идејата за тотална војна зазема важно место во колективната психа на аналитичарите и на практичарите. Тоталната војна е идеален вид, затоа што покрај низата од достапни околности кои се неостварливи во реалноста, во практика секогаш се наметнуваат ограничувања при војувањето. Глобализацијата доведе до специфични форми на насилни конфликти означени како „нови војни“. Критиките за ваквите ставови се дека новите војни немаат нови специфични елементи и дека глобализацијата на војната не е нов процес. Современите војни водени од западните држави се локализирани и во однесувањето и во влијанието и тие не вклучуваат големо општествено учество. Спортско-набљудувачкото војување важи само за малку држави во светот.

**Библиографија**

Barkawi, Tarak. (2006). *Globalization and war*. Lanham, MD: Rowman & Littlefield).

Chickering, Roger, Stig Forster and Bernd Greiner (eds). (2005). A World at Total War: Global Conflict and the Politics of Destruction, 1937-1945. Cambridege: Cambridge University Press.

Clausewitz, C. von. (1976). *On War*. In Howard, M. & Paret, P., Trans. Eds., Princeton, NJ: Princeton University Press. (Original work published 1832).

Cohen, E. and Gooch, J. (1900). Military Misfortunes, New York: Random House.

Human Security Centre. (2005). Human Security Report, 2005: war and peace in the 21st Century. Oxford: Oxford University Press.

Imlay, Talbot. (2007). „Total war“, *Journal of Strategic Studies*, 30(3): 547-570.

Kaldor, Mary. (1997). 'Introduction' in M. Kaldor and B. Vashee (eds), *Restructuring the Global Military Sector: Volume I: New Wars.* London: Pinter, pp. 3-33.

Kallen, H. (1939). „Of war and peace“. *Social Research*, Sept. p. 373.

Keegan, John. (1994). *A History of Warfare.* London, Vintage Books.

Mack, Andrew. (2007). *Global Political Violence: Explaining the Post-Cold War Decline*. New York: Integration- al Peace Academy Coping with Crisis Working paper, March.

Mann, M. (1986). „The Sources of Social Power“, vol. l, Cambridge: Cambridge University Press.

Mann, Michael. (1988). *States, War and Capitalisam*. Oxford, Blackwell.

McInnes, Colin. (2001). 'Fatal attraction: airpower nad the West'. *Contemporary Security Policy*, 22(3):28-51.

McInnes, Colin. (2002). *Spectator-Sport War: The West and Contemporary Conflict*. Boulder, CO, Lynne Rienner.

Newman, Edward. (2004). 'The „New wars“ debate: a historical perspective is needed'. *Security Dialogue*, 35(2): 173-189.

Overy, Richard (2005). Total War 2: The Second World War' in Townshend (ed.), pp.138-157.

Pemberton Antony and Pauline G. M. Aarten. (2017). "Narrative in the Study of Victimological Processes in Terrorism and Political Violence: An Initial Exploration," *Studies in Conflict & Terrorism.* doi.org/10.1080/1057610X.2017.1311110.

Singer, P.W. (2005). *Children at War*. London: Pantheon.

Stoddard, Abey, Adele Harmer and Katherine Haver (2006). *ProvidingAidin Insecure Environments: Trends in Policy and Operations*. London: Humanitarian Policy Group, HPG No.23.

Van Crefeld, M. (1983). *Fighting Power*. London: Arms & Armour Press.